Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-114/1
18.05 2025 год.
СКОПЈЕ

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: | 30-05-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 6301/1 | | |

| Архив. знак: |
|---|
| Рок на чување: |
| ______ 200__ год. Потпис. |

**До: Општина Гази Баба**

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следниве информации од јавен карактер:

1. Дали вашата општина досега има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад од пакување?

2. Доколку има примено, наведете го поединечниот број на добиени канти и контејнери, и тоа:

- сина канта од 120 литри
- жолта канта од 120 литри
- син контејнер од 1100 литри
- жолт контејнер од 1100 литри

3. Дали вашата општина има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување?

4. Доколку имате склучено договор, доставете ни ги информациите за тоа кога е склучен секој поединечен договор, со кого и до кога трае?

5. Дали во вашата општина постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго------------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место: Потпис: [redacted]

28.05.2025

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), се донесува следното

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 12-6301/2
05.06 2025 год.
СКОПЈЕ

**РЕШЕНИЕ**
**за доставување на информации од јавен карактер**

Образложение

Барањето број 12 - 6301/1 од 30.05.2025 година за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на [redacted], **СЕ ПРИФАКА.**

Барателот од Општина Гази Баба, врз основа на член 4 и член 12 од од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), ги бара следните информации, дали Општина Гази Баба има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерство за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад, нивниот број, дали има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување и дали постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад.

Согласно воспоставените процедури, барањето за доставување информации од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер е доставено до надлежниот сектор - Сектор за животна средина и природата кои што ги доставија бараните информации.

Општина Гази Баба со Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари бр.50-2799/23 од 1 април 2025 година има примено примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри (1212 парчиња) и од 1100 литри (59 парчиња).

- Сини канти од 120 литри - 606 парчиња,
- Жолти канти од 120 литри - 606 парчиња,
- Сини контејнери од 1100 литри - 29 парчиња, и
- Жолти контејнери од 1100 литри -30 парчиња.

Општина Гази Баба има склучено Договор за управување со пакување и отпад од пакување со ЕУРО-ЕКОПАК ДОО - Скопје на 07.09.2023 година со арх.бр. 30-6897/1.

Заради малиот број на доделени канти и контејнери со кои не може да се покрие цела територија на општината се спроведуваат анкети во населените места за отпочнување на пилот проект селекција на отпад од пластика и хартија. Оваа активност ја спроведува општината со соработка со Центарот за климатски промени и ПАКОМАК.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Согласно Вашето барање Ви ги доставуваме бараните информации по е-маил .

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Решението е доставено до:
Странката
Архивата на Општина Гази Баба

Одговорно лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Анита Илиевска Кузеска